ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:15-277/3

Дата: 16.02.2015

ДО

ОПШТИНА КИЧЕВО

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кичево на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2013 година.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на сметката приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кичево за 2008 година е извршена во 2011 година, при што е констатирано дека по дадената препорака не е постапено.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2013 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е поволно мислење.

Општина Кичево е влезена во втора фаза на фискална децентрализација.

На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на наменски и блок дотации од областа на образованието (основно и средно), детска градинка и култура (Работнички универзитет).

---

Ревизорски тим:
1. ______________________________
2. ______________________________

Овластен државен ревизор

______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за приходи на буџет на дотации (930) за 2013 година на Општина Кичево, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи за 2008 година и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кичево за 2008 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кичево од 31.12.2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2008 година изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Благоја Деспотоски, градоначалник на Општина Кичево од 27.03.2009 година до 01.04.2013 година и
- Фатмир Дехари, градоначалник на Општина Кичево од 02.04.2013 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кичево се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално

погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 06 до 07.11.2014 година кај Општина Кичево од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките**

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност со закони и прописи за 2008 година на Општина Кичево, е извршена во месец февруари 2011 година. За извршената ревизија е изготвен Преглед на резултатите од имплементацијата на препораките кој е доставен до одговорното лице на субјектот во кој е констатирано дека по дадената препорака не е постапено.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот предмет на ревизија, на 16.12.2014 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 29-226/5 од 29.12. 2014 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2013 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Неправилна примена на акти

4.1.1. На сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кичево ден 31 декември 2013 година има неискористени средства во износ од 1.645 илјади денари кои во вкупните приходи учествуваат со 0,48 %, што е незначително и значи дека средствата се трошат во текот на буџетската година за која се дотирани согласно финансиските планови на корисниците на тие средства. Вишокот на приходи се должи на ненавремено потрошени средства кои се префрлени на сметката на крајот на декември во 2013 година.

По дадената препорака во Конечниот извештај за 2008 година и извршената ревизија на спроведување на препораките во февруари 2011 година, во декември 2012 година донесен е акт - Одлука за распределба на блок дотациите за основните и средните училишта на територијата на Општина Кичево која има важност до ноември 2014 година иако досегашните општини: Вранештица, Другово, Зајас и Осломеј престанаа со работа и се припоија кон Општина Кичево а советот на Општина Кичево е конституиран на ден 05.03.2013 година.

Во текот на вршење на ревизијата во ноември 2014 година донесен е акт- Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските средни училишта и Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево, во кои се утврдени процентуални критериуми за распределба на средствата по училишта.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кичево на ден 31 декември 2013 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени

политики. Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

Скопје, 09.02.2015 година

**Општина Кичево- Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 2.723 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 339.413 | 250.177 |
| **Вкупно приходи** | | **342.136** | **250.177** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 288.882 | 209.607 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 51.579 | 38.953 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **340.461** | **248.560** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | **30** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **340.491** | **248.560** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.645** | **1.617** |

Општина Кичево - Сметка на приходи на буџет на дотации (930)
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2013 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.645 | 1.617 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.645** | **1.617** |
| **Вкупна актива** | | **1.645** | **1.617** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1.645 | 1.617 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1.645** | **1.617** |
| **Вкупна пасива** | | **1.645** | **1.617** |